Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

Архивски знак: ____________ год.
Рок на чување: ________ 20____ год.
Потпис, ____________

ИП 1 бр. 57-47

Датум: 07.06.2022 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | ОПШТИНА ГОСТИВАР, Гостивар |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот/ЕМБС | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро - сметка на субјектот | / |
| Банка депонент | / |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме<br>градоначалник на Општина Гостивар | Телефон: | Е-пошта: |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. <u>ВОНРЕДЕН</u> | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 02.06.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10:30 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 02.06.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:00 ч. |
| Назив на објектот–инсталацијата каде што се врши надзорот | ОПШТИНА ГОСТИВАР | | |


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

| | |
|---|---|
| **Главна дејност на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот** | Општи дејности на јавната управа (шифра: 84.11) Организационен облик – единица на локална самоуправа - 01.4 |
| **Адреса на објектот-инсталацијата каде што се врши надзорот** | Општина Гостивар |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен** врз основа на:

- Налогот ИП1 бр. 57-49 од 25.05.2022 г., издаден од раководителот на Сектор, а врз основа на Иницијативата ИП бр. 126/22 од 16.05.2022 г., поднесена до Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура.

**4)Инспекцискиот надзор** е извршен од:

, **виш инспектор** – раководител на Одделение,и

Во вршењето на инспекцискиот надзор учествуваше помошник инспектор – соработник во Одделението за инспекциски надзор при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура.

За почетокот на вршењето на вонредниот инспекциски надзор, субјектот на надзорот е известен со Допис ИП 1 бр. 57-47 од 26.05.2022 г. согласно со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" 102/19).

**5)Предмет** на вонредниотинспекциски надзор

**Предмет**: инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена наодредбите од **Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата** („Сл. весник на РМ" бр. 66/04, 89/08, 152/15 и „Сл. весник на РСМ" бр. 103/21), коишто се однесуваат на постапката за подигање на спомен-обележјата и меморијалните споменици.

**Основ**: член 82 став (1) од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 26 став (3) од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата и член 71 став (1) од Законот за **инспекциски надзор** („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што е извршен вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

**7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| градоначалник на Општина Гостивар | | |

**8)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни следниве лица:**

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство/телефон /e-mail |
|---|---|---|
| 1. | | Секретар на Општина Гостивар, gov.mk |
| 2. | | Виш соработник, вработен на определено време преку Приватна агенција за вработувањ ' од Скопје, а во текот на надзорот овластен да презема дејствија и да потпишува акти кои спаѓаат во надлежност на раководителот на Секторот за урбанизам, сообраќај, комунални дејности и заштита на животна средина, |

**9)Инспекторите кои го извршија инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.**

**10)Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:**

-До Министерството за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор, на ден 16.05.2022 г., од Политичката партија Левица од Скопје, поднесена е Иницијатива заведена под ИП бр. 126/22 од 16.05.2022 г., за вршење вонреден инспекциски

надзор во Општина Гостивар од аспект на примена на одредбите од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата. Меѓудругото, според наводите од Иницијативата, Општина Гостивар во 2006 г. во с. Симница, „откри меморијален споменик, во чест на балистот и фашистички колаборационист, Џемо Хаса, со намера трајно зачувување на споменот на неговиот лик и дело".
Исто така, во Иницијативата се наведува дека „до Министерството за култура не е стигната пријава за упис на спорниот споменик, ниту истиот е впишан во регистарот на подигнати меморијални споменици!", поради што „со невпишувањето во регистарот, спомеником се смета дека не постои и воедно претставува класичен пример за бесправно изграден споменик, при чие подигање не се запазени ни најмалку законските процедури". Во Иницијативата уште се наведува и дека „подигањето на овој споменик, не ги исполнува клучните формално - правни и материјално правни претпоставки кои, согласно законот мора да бидат исполнети за да еден споменик се смета за меморијален и за истиот како таков да може да биде подигнат" и дека „во конкретниов случај од споменатите законски одредби и од увидот во вкупните разгледувани материјали од Собранието на РМ", произлегува дека комплетната постапка околу подигањето на спомеником во с. Симница е „противзаконска" и истата не ги исполнува законските услови со ЗМССО.

На денот на инспекцискиот надзор од страна на лицето
архивар во Општина Гостивар, ангажирана со договор за потребите на Општината, извршен е увид во објавените службени гласила на Општината за 2005 и 2006 г. и тоа: бр. 1 од 17.02.2005 г., бр. 2 од 10.03.2005 г., бр. 3 од 11.04.2005 г., бр. 4 од 05.05.2005 г., бр. 5 од 10.06.2005 г., бр. 6 од 29.06.2005 г., бр. 7 од 22.07.2005 г., бр. 8 од 17.08.2005 г., бр. 9 од 23.09.2005 г., бр. 10 од 16.11.2005 г., бр. 11 од 26.12.2005 г., бр.1 од 25.01.2006 г., бр. 2 од 17.02.2006 г., бр. 3 од 29.03.2006 г., бр. 4 од 28.04.2006 г., бр. 5 од 17.05.2006 г., бр. 6 од 31.06.2006 г., бр. 7 од 19.07.2006 г., бр. 8 од 31.07.2006 г., бр. 9 од 20.09.2006 г., бр. 10 од 30.10.2006 г., бр. 11 од 30.11.2006 г. и бр. 12 од 27.12.2006 г., како и увид во деловодните книги за 2005 и 2006 г. и притоа е утврдено дека од страна на Советот на Општина Гостивар, не е донесена Програма за одбележување на значајни датуми и личности за граѓаните на Општина Гостивар за периодот 2005 и 2006 година, а не е поднесена ниту иницијатива од физичко или правно лице за подигање на спомен-обележје на Џемо Хаса во с. Симница, Гостивар.

Според изјавата на присутните службени лица од Општина Гостивар, за селото Симница не постои урбанистички план, додека предметниот споменик е изграден на зејмиште во сопственост на Исламската верска заедница во РСМ, Скопје -


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Организациона единица Муфтиство на ИВЗ на РСМ, Гостивар, според Имотен лист бр. 338 за КО Симница, КП бр. 1208.

Имено, на предметната парцела во сопственост на ИВЗ-Муфтиство, Гостивар, се изградени Верски објект - Нова Џамија, чешма, споменик и ограда. На 29.12.2015 година, од страна на ИВЗ поднесено е Барање заведено во Општина Гостивар под УП 1 бр. 23-101 од 04.01.2016 г., за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење и бесправни објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита.

Конкретното Барање се однесува на утврдување на правен статус на бесправен објект (Верски објект-Нова Џамија (ПР+2)), и за истото изработен е Геодетски елаборат бр. 0801-259/3 од 13.04.2018 г., за геодетски работи за посебни намени (за утврдување фактичка состојба за легализација на бесправно изграден објект и делови од објект на КП. бр. 1208 заведено во ИЛ. бр. 338 за КО Симница), од страна на Друштвото за геодетски работи „ГЕО ОФИС" од Гостивар.

Градоначалникот на Општина Гостивар, решавајќи по Барањето на ИВЗ, под горенаведениот број и датум, донел Решение УП 1 бр. 23-101 од 10.03.2020 година, за утврдување на правен статус на бесправен објект Верски објект- Нова Џамија (приземје, прв кат- деловен простор, прв кат-помошна просторија и втор кат).

Од увидот во презентираните списи и акти, утврдено е дека ИВЗ-Муфтиство, Гостивар нема доставено барање до Општина Гостивар, за утврдување на правен статус на бесправните објекти: споменик, чешма и ограда, изградени на конкретната парцела во нејзина сопственост.

Врз основа на увидот во горенаведените списи и акти, како и разговорите со присутните лица:

1. Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор.

Имено, за предметниот период (2005-2006 г.), од страна на Општина Гостивар воопшто не е донесена Програма за одбележување на значајни датуми и личности за граѓаните на Општина Гостивар, ниту е поднесена иницијатива од физичко или правно лице за подигање на спомен-обележје на Џемо Хаса во с. Симница, Гостивар.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Според изјавите, присутните лица немаат сознанија за податокот во кој период и од кого е подигнат предметниот споменик, имајќи предвид дека станува збор за временски период во кој што тие не биле вработени во Општина Гостивар.

**Оттука, по извршен непосреден увид во горенаведените списи и акти од страна на инспекторите е констатирано дека не е познато од кого и со чии средства е подигнат предметниот споменик, лоциран на КП бр. 1208, заведен во ИЛ. бр. 338 за КО Симница, сопственост на Исламската верска заедница во РСМ, Скопје- Организациона единица Муфтиство на ИВЗ на РСМ, Гостивар.**

При вршењето на вонредниот инсопекциски надзор, од страна на инспекторите се имааа предвид одредбите од ЗМССО. Имено, според член 3 ставовите (1) и (2) од ЗМССО, **меморијални споменици**, во смисла на овој закон, се *поединечни или група објекти и монументални дела од архитектурата, скулптурата, сликарството и применетата уметност со историски и уметнички содржини и вредности што се подигаат за трајно зачувување на споменот на настаните и личностите од членот 2 на овој закон, а кои се од исклучителнозначење за РСМ. Настаните и личностите што се одбележуваат со меморијален споменик треба да се одисклучително значење за развојот на државноста на РСМ и за нејзиниотдржавно-правен континуитет и да се вградени во историскиот развој на земјата.* Согласно со член 5 ставовите (1) и (2) од истиот Закон, меморијален споменик може да подига Собранието на РСМ, согласно со овој закон, а иницијатива за подигање меморијален споменик можат да дадат, како и да вложуваатсредства за негово подигање: Собранието на РСМ и органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, установи, здруженија на граѓани и фондации, други заинтересирани правни лица и граѓани.

Додека, според член 4 од истиот Закон, **спомен-обележја**, во смисла на овој закон, се *бисти, склулптури, плочи, чешми, фонтани и други уметнички и архитектонски дела и творби што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности од членот 2 на овој закон или од народната традиција, кои се од локално значење.* Согласно со член 5 ставовите (3) и (4) од истиот Закон, спомен-обележје можат да подигаат општините, градот Скопје и општините во градотСкопје, согласно со овој и друг закон.Правни и физички лица можат да дадат иницијатива до советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за подигање спомен-обележје, како и да вложуваат средства за негово подигање.


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Во конкретниот случај и утврдената фактичка состојба, пред Општината Гостивар **не е иницирана**, ниту водена соодветна постапка согласно со одредбите од ЗМССО.

Впрочем, и во поднесената Иницијатива за вршење на инспекцискиот надзор поднесена од Политичката партија Левица е наведено дека подигнатиот споменик **не може да се третира како** „меморијален споменик од исклучително значење за развојот на државноста на РСМ и за нејзиниотдржавно-правен континуитет".

**Имајќи го предвид горенаведеното, од страна на инспекторите за култура се запира инспекциската постапка заведена под ИП1 бр. 57-47 од 16.05.2022 г. согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11)Поради обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

12)Со содржината на овој записник исо утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13)Забелешки на субјектот на надзорот:

- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikes se Maqedonise së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr "Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на на претставникот на субјектот на надзор: | градоначалник на Општина Гостивар | Печат и потпис на инспекторот за култура: | виш инспектор за култура<br><br>помошник инспектор култура |
| Датум: | ____.06.2022г. | Датум: | 07.06.2022 г. |

Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.

Присутни службени лица од Општина Гостивар:



Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk